1830 Službeni vesnik SR Makedonije 91001 Skopje fah 51


# СЛУЖБ[ЕН ЛИСТ]

## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕ[ДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА]

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. – Огласи според тарифата – Жиро сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-21943

Петок, 12 декември 1986

БЕЛГРАД

БРОЈ 66 ГОД. XLII

Цена на овој број е 840 динари. – Претплатата за 1986 година изнесува 6.000 динари. – Рок за рекламации 15 дена. – Редакција Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226. – Телефони: Централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Телекс 11756


**943/1**

Врз основа на член 6а став 3 од Законот за статистичките истражувања од интерес за целата земја („Службен лист на СФРЈ", бр. 13/73, 9/76 и 63/86), директорот на Сојузниот завод за статистика донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЕДИНСТВЕНИ СТАТИСТИЧКИ СТАНДАРДИ (ДЕФИНИЦИИ, НОМЕНКЛАТУРИ, ОБРАСЦИ И УПАТСТВА) ЗА МЕСЕЧЕН И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДУСТРИЈАТА

1. Со ова решение се утврдуваат единствените статистички стандарди (дефиниции, номенклатури, обрасци и упатства) за спроведување на статистичките истражувања „Месечен извештај на индустријата (ИНД-1)" и „Годишен извештај на индустријата (ИНД-21)", чии содржини се утврдени со Програмата за статистичките истражувања од интерес за целата земја за периодот од 1986 до 1990 година – ред. бр. 1 и 3 на одделот на Статистиката на индустријата и рударството („Службен лист на СФРЈ", бр. 76/85).

2. Единствените статистички стандарди за спроведување на статистичките истражувања од точка 1 на ова решение се отпечатени кон ова решение и претставуваат негов составен дел.

3. Ова решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ", а ќе се применува: на составувањето на месечен извештај на индустријата почнувајќи од јануари 1987 година, а на составување на годишен извештај на индустријата почнувајќи од 1986 година.

Бр. 001-4797
27 ноември 1986 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за
статистика,
д-р **Драгутин Групковиќ**, с.р.

### I. МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДУСТРИЈАТА (ИНД-1)

1. Со месечниот извештај на индустријата се обезбедуваат основни натурални податоци за рударското и индустриското производство, залихите и реализација на производите, за набавката, потрошокот и залихите на суровини и материјали, набавката, потрошокот и залихите на гориво и за рудниците. Податоците од месечниот извештај на индустријата служат и за пресметување на глобалните статистички показатели, како што се индексите на физичкиот обем на производството, индексите на залихите на готови производи, индексите на реализацијата на производите, индексите на потрошокот и на залихите на суровини и материјали, индексите на потрошокот и залихите на енергија и гориво, индексите на работниците и индексите на продуктивноста на трудот. Покрај тоа, овие податоци служат за аналитички истражувања и биланси.

2. Месечен извештај за индустријата поднесуваат основните организации на здржен труд, работните организации без основни организации на здружен труд, работните заедници и други организации кои според Единствената класификација на дејности се распоредени во областа на индустријата и рударството и се водат во Единствениот регистер на организациите и заедниците.

Месечен извештај на индустријата поднесуваат и единиците што се занимаваат со индустриско и рударско производство а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации на здружен труд – заедници. Организациите на здружен труд што индустриската дејност ја вршат на територија на две или повеќе општини треба да се раздвојат на онолку единици на посматрање колку што има општини на територијата на која ја вршат дејноста. Работните организации со основни организации на здружен труд и сложени организации на здружен труд не се опфаќаат со овој извештај. Погоните на организациите на здружен труд што се наоѓаат надвор од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се предмет на посматрање на ова истражување.

3. Извештајни единици што се должни да достават месечен извештај на индустријата се: основните организации на здружен труд, работните организации без основни организации на здружен труд и работните заедници што се распоредени во областа на индустријата и рударството. За единиците што се занимаваат со индустриско и рударско производство, а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации на здружен труд, месечен извештај на индустријата доставуваат единиците во состав односно организациите во чии состав се наоѓа единицата, зависно од тоа како со нормативните акти е регулирано давањето на статистички податоци.

4. За спроведување на истражувањето, се користи Единствениот регистар на организациите и заедниците.

5. За собирање на податоци во ова истражување се применува извештаен метод. Секоја извештајна единица составува извештај на Образецот ИНД-1.

6. Извештајните единици доставуваат месечен извештај на индустријата до надлежниот статистички орган во рокот што тој ќе им го определи а врз основа на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја.

7. Извори на податоци се книговодствената, кадровската и друга евиденција и документација со која располага извештајната единица.

8. Опфатноста на организациите и заедниците е целосна.

9. Во подготвувањето и спроведувањето на истражувањата за месечен извештај на индустријата учествуваат Сојузниот завод за статистика, републичките и покраинските заводи за статистика и другите органи надлежни за работи на статистиката.

Сојузниот завод за статистика, во соработка со републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката, изработуваат методологија и инструментариум за спроведувањето на истражувањето и ги обработува податоците за Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката ги вршат сите подготовки неопходни за правилно и успешно спроведување на истражувањето и се грижат за неговото спроведување на својата територија. За таа цел ги вршат следните работи: учествуваат во изработката на методологијата на истражувањето, составуваат адресар на извештајните единици, печатат обрасци и упатства и други инструменти за спроведување на истражувањето, вршат дистрибуција и концентрација на

прашалниците, го контролираат опфатот на извештајните единици, ја контролираат целосноста и точноста на податоците, ги внесуваат податоците на медиумите за пренос на податоци на сметачот, вршат логичка и сметачка контрола, ги исправаат податоците, ги анализираат и обработуваат на ниво на републиката односно на ниво на автономната покраина.

Републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката што го спроведуваат месечниот извештај на индустријата преку подрачните заводи или преку статистичките органи и служби во општините и градовите, ќе ги утврдат нивните надлежности (доставување, собирање и контрола на извештајот).

10. Извештајните единици доставуваат податоци на обрасците „Месечен извештај на индустријата, ИНД-1" и „Помошен месечен извештај на индустријата, ИНД-1/116" врз основа на единствените статистички стандарди. За спроведувањето на истражувањето се користат номенклатурата на производите и номенклатурата на суровини и материјали што претставуваат составен дел на овој методолошки материјал.

11. Податоците од месечниот извештај на индустријата се обработуваат за Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Сојузниот завод за статистика, а за социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини во републичките и покраинските заводи за статистика. Сите податоци на овој извештај се обработуваат на ниво на гранки и групи на Единствената класификација на дејностите.

Првите резултати од ова истражување Сојузниот завод за статистика ги публикува во вид на соопштенија и во „Индекс", додека целосните резултати на истражувањето се презентираат во вид на излезни табели од сметачот, билтен, во Статистичкиот годишник на Југославија, Статистичкиот календар на Југославија, како и во вид на микрофиши и банка на податоци. Републичките и покраинските заводи за статистика исто така ги публикуваат резултатите на обработката за својата општествено-политичка заедница во своите публикации (соопштенија, билтени, годишници и др.).

12. Идентификационите обележја за организацијата за која се поднесува извештај се даваат во заглавието на образецот.

Кај прашањето а) работната организација ја запишува фирмата во полна форма, а основната организација на здружен труд и работната заедница - називот, што е наведен во судскиот регистар. Фирмата односно називот ја содржи ознаката што упатува на дејноста, името и ознаката на формата на организацијата - заедницата.

Другите организации и заедници го запишуваат својот полн назив како што е запишан во соодветен посебен регистар односно во актот за нивното основање.

Кај прашањето б) организацијата на здружен труд го запишува матичниот број на единствениот регистар под кој се води во Единствениот регистар на организациите и заедниците. Матичниот број на организацијата на здружен труд ѝ го определил надлежниот статистички орган во републиката односно во автономната покраина и ѝ го соопштил во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

Редниот број на единицата во состав е шифрената ознака под која единицата се води во Единствениот регистар на организациите и заедниците (РОЈ-1а). Редниот број на единицата во состав на организацијата на здружен труд, во чиј состав се наоѓа единицата е соопштен во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

Кај прашањето в) се запишува видот на организацијата - формата на здружување во која се конституирала организацијата на здружен труд (основна организација на здружен труд, работна организација без основни организации, работна заедница и др.).

Кај прашањето г) се запишуваат адресните податоци.

Кај прашањето д) се запишува подгрупата на дејноста на организацијата на здружен труд или на единицата во состав во која е распоредена според Единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр. 34/76, 62/77, 72/80, 77/82, 71/83 и 68/84). Распоредувањето по дејности го изврши надлежниот статистички орган во републиката односно во автономната покраина и ѝ го соопшти на организацијата во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

13. Под готово производство се подразбира производот кој во процесот на производството достигнал соодветен степен на изработка, а во Номенклатурата на индустриските производи, која е отпечатена во ова решение и претставува негов составен дел, е наведен под посебен назив, шифра и единица на мера, освен оние единици на мера што се подвлечени. Како готово производство се искажуваат количините што задоволуваат по квалитет и кои, како такви, ги примила фабричката контрола или друг орган што ги контролира и прима стоките. Истовремено, моментот и местото на приемот на готов производ претставуваат момент и место за евидентирање на производството што се внесува во Месечниот извештај на индустријата. Готовото производство се искажува за извештајниот месец и за периодот што ги опфаќа сите месеци од почеток на годината до крајот на извештајниот месец. Готово производство во извештајниот период е количината на производите што е завршена во периодот за кој се поднесува извештај. Тоа значи дека производите се искажуваат во месецот во кој е довршено нивното производство и ако за некои организации месецот на довршување на некој производ не го претставува и месецот во кој производот е изработен во целост. Под готово производство се смета и производството остварено врз основа на заедничко вложување со странски партнер на територијата на нашата земја. Производство остварено врз основа на заедничко вложување со странски партнер надвор од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се опфаќа со овој извештај (примерот на нафтата и др.)

Залихите на готови производи на крајот на извештајниот месец се прикажуваат според номенклатурата за сите производи без оглед на тоа дали тие производи се произведени во извештајниот месец или во изминатиот период на текуштата или претходната година. Кај залихите, како и кај производството, се опфаќаат и полуфабрикатите што го достигнале степенот на изработка наведен во номенклатурата на производите.

Под реализирани количини на производи се подразбираат количините што се испорачуваат надвор од организацијата за која се поднесува извештај и за која е испоставена фактура, вклучувајќи ги и производите што по основ на заедничка работа односно на заедничко работење се предаваат (испорачуваат на натамошна преработка и доработка) односно се продаваат. Реализираните количини на други основни организации на здружен труд од иста работна организација исто така се сметаат реализирани количини од гледиштето на основната организација на здружен труд за која се поднесува извештај. Во реализираните количини се засметуваат и количините на производите употребени за сопствена инвестициона изградба и сите давачки во натура на работниците на организацијата за која се поднесува извештај. Во реализацијата на производите не влегуваат количините на производи што натаму се преработуваат во организацијата за која се поднесува извештај. Реализацијата на производите се искажува кумулативно - како збир од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец. Ако се изврши враќање на реализираните производи организацијата ќе го исправи овој збир, без какви да било исправки на податоците за претходните месеци, ќе ги коригира залихите на готови производи и со посебен допис ќе ги наведе причините поради кои дошло до враќање на производите.

Под услужно производство се подразбира производството со суровини на нарачувачот (домашен или странски партнер) и за негова сметка, така што производителот не се јавува како сопственик на стоките и истите не може да ги продаде туку само како организација која врши производствена услуга. Таквото услужно производство ќе се искаже со шифрата и полниот назив, како и редовното производство според номенклатурата и пропишаните единици на мера но во одвоен ред, со ознака „услуги". Како услужно производство не се сметаат поправки, ремонт, инвестиционо одржување и слични работи туку само производство на готови производи со суровини на нарачувачот (услужно мелење на брашно, режење на граѓа, ферментирање на тутун, изработка на амбалажа, изработка на делови за машини, шиење на облека, изработка на обувки и др.). Со залихите ќе бидат опфатени оние количини што се затекнале кај производителот последниот ден во месецот.

Реализација ќе претставува испораката на изработените стоки до сопственикот.

Номенклатурата на индустриските производи е задолжителна за сите организации на здружен труд што го пополнуваат месечниот извештај на индустријата, без оглед на тоа во која гранка на индустријата е распореден производот. Во извештајот се внесува вкупно произведената количина, без оглед на тоа дали производот се продава или преработува во организацијата за која се поднесува извештај (багери, суров челик, одливки од сив лив, режана граѓа и др.).

14. Податоците за потрошокот на суровини и материјали ги пополнуваат само организациите на здружен труд што трошат суровини и материјал за производство на индустриски производи, како и за услужно производство.

Номенклатурата на суровини која е отпечатена во ова решение и претставува негов составен дел, изработена е за гранките и групите во целост, според Единствената класификација на дејностите. Суровините имаат шифри од 0001 до n, а се прикажани според редоследот на областите и гранките од кои произлегуваат (на пр. суровини по потекло од индустријата и рударството, а потоа од земјоделството и шумарството).

Во номенклатурата на суровините не е нагласено дали суровината е од домашно потекло или од увоз. Поради тоа организацијата во рамките на шифрата на суровини на десеттото цифрено место ќе ја запише шифрата „8" ако суровината е од домашно производство, а шифрата „9" ако е по потекло од увоз. Ако иста суровина се користи и како домашна и како увозна, во табелата 2 треба да се внесе во два реда со соодветни податоци за количините и шифрите „8" односно „9" со шифрата на суровината.

Доколку за производството на индустриски производи се трошат позначајни суровини што не се наведени во номенклатурата на суровините, потребно е да се запишат називите на тие суровини и определни количини во табелата 2. На овој начин ќе биде овозможено тие суровини при следната ревизија да се вклучат во редовното следење.

Суровините потрошени за услужно производство ќе се прикажат како и суровините за редовно производство, но под ознаката „за услужно производство".

Како суровини од увоз ќе биде прикажана и нафтата добиена врз основа на заедничко вложување со странски партнер (на пример YU - нафта од Ангола и др.).

Како суровини набавени во текот на месецот ќе се прикажат количините на суровини што организацијата за која се поднесува извештај ги набавила од друга основна организација на здружен труд на иста работна организација или од други основни или работни организации од земјата и од странство.

Под „Потрошено за производство" се искажуваат вкупно потрошените количини суровини односно материјали без оглед на тоа дали се набавени или се произведени во организацијата за која се поднесува извештај.

Под залихи на крајот на месецот се подразбираат количините на суровини и материјали што се наменети за потрошувачка во организацијата за која се поднесува извештај. Во овие залихи треба да се вклучи состојбата на количните на преземените производи по основ на заедничка работа - работење.

15. За прикажување на потрошокот на енергија и гориво за погонски и технолошки цели, номенклатурата е отпечатена во табела 3 на образецот за месечен извештај на индустријата. Се опфаќаат количините на енергија и гориво потрошени за погонски цели, за вршење на внатрешен транспорт, како и за загревање на работни и канцелариски простории, како и потрошокот на топла вода, врела вода и пареа за погонски и технолошки цели. Не се прикажуваат количините на енергија и гориво потрошени за производство на топла вода, врела вода и пареа, како и количините на енергија и гориво што се трошат како суровини и се прикажани во табелата 2 (лигнит за сушење, камен јаглен за коксирање, јаглен за генератори и во валалници, антрацит и кокс во леарници, кокс за агломерација на руда и сл.).

Во спомнатите случаи не треба да се искажуваат ниту набавките ниту залихите на суровини наменети за наведените цели.

Како набавени во текот на месецот ќе се прикажат количините на енергија и гориво што организацијата за која се поднесува извештај ги набавила од друга основна организација на здружен труд на иста работна организација или од други основни или работни организации од земјата и од странство.

Под потрошок на енергија и гориво се искажува вкупната потрошувачка на електрична енергија, јаглен, кокс, технички горива и др., без оглед на тоа дали горивото е произведено во организацијата за која се поднесува извештај или е набавено.

Под залихи на енергија и гориво на крајот на месецот ќе се искажат само количините наменети за сопствена потрошувачка како погонско гориво во организацијата за која се поднесува извештај. Рудниците за јаглен и другите производители на гориво треба да ги проценат залихите на гориво наменети за сопствена потрошувачка.

16. Под „Вкупен број на работници" ќе се прикажат работниците во сите дејности на организацијата за која се поднесува извештај, вклучувајќи ги и работниците што вршат задачи од групата општи и стручни работи и работи на општо раководење, како и работниците на неиндустриските дејности без оглед на тоа дали се во работен однос на неопределено или определено време, како и дали работеле полно, пократко од полното или скратено работно време.

Со ставката „Работници во индустријата и рударството" се опфаќаат работниците што работат во основните, помошните и споредните погони, како и работниците што работат на натовар на стоки, суровини и репродукционен материјал во фабричкиот транспорт (се прикажуваат работниците што ги вршат следните видови работи и задачи: индивидуална рачна работа, верижно поврзана рачна работа, машинска работа и ракување со транспортни и сообраќајни средства).

Ако организацијата има производство (според Табелата 1) од повеќе гранки и групи на Единствената класификација на дејностите, должна е во Табелата 4 (РАБОТНИЦИ) да го расчлени редот „Индустрија и рударство" на онолку гранки и групи колку што се јавуваат во Табелата - 1.

Ако одделни работници во текот на извештајниот месец работат на производството на два или повеќе производа што им припаѓаат на различни гранки и групи на дејности, нивниот број (состојбата кон крајот на месецот) во оваа табела треба да се даде според обемот на извршените работи односно според обемот на потрошените часови за производството на определен производ. Во случај организацијата на здружен труд за која се поднесува извештај да не располага со евиденциите за потрошените часови на работа на работниците за одделни производи, бројот на работниците кон крајот на месецот по гранки и групи на дејности треба да се процени.

Со ставката „Работници во неиндустриски дејности" се опфаќаат работниците што работат на земјоделски економии, на експлоатацијата на шуми, во градежништвото, во надворешниот транспорт, во продавници, складишта, стоваришта, ресторани за општествена исхрана, амбуланти и во други неиндустриски дејности, ако тие не се издвоени во посебни основни организации на здружен труд.

Податоците за работниците се даваат со состојба на последниот ден во извештајниот месец врз основа на документациониот материјал со кој располага кадровската служба (матична книга, картотека и сл.) без оглед на тоа дали на тој ден биле на работа или изостанале од работа поради болест, користење на годишен одмор, слободен ден и сл.

17. Општата проблематика се однесува на снабденоста на организацијата за која се поднесува извештај со суровини, електрична енергија, јаглен и амбалажа и на состојбата на сообраќајните врски, порачките, наплатата на фактури и на кредитите за обртни средства. За секое од тие прашања се предвидени три одговора: „добро", „слабо" и „критично". За определени организации извесен број прашања не е значаен (на пр. снабденоста со увозни суровини, амбалажа или состојбата на порачките за извоз на стоки), па за такви случаи е предвиден и четврт одговор „не е битно за работата на организацијата".

Секоја извештајна единица е должна да одговори на сите поставени прашања со заокружување на цифрата во соодветно поле. Подетално објасение за секој проблем означен како „критично" извештајната единица ќе при-

ложи кон извештајот и, ако е можно, и цифрено ќе го документира.

## II. ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДУСТРИЈАТА (ИНД-21)

1. Со годишниот извештај на индустријата се обезбедуваат податоци за оствареното и можното производство, за реализацијата и залихите на производите во натурални единици на мера и за вредноста на реализацијата; за работниците и часовите на работа; за смените; за агрегатите во електраните, за погонските машини и мотори; за потрошокот на електрична енергија по технолошка намена; за извозот и увозот; за промените во програмата за производство; за иновациската дејност и за трансферот на технологија; за кооперацијата; за новите индустриски објекти и нивното производство; за флуктуацијата на работниците според степенот на стручното образование; за обележјата на техничкиот прогрес и за други актуелни информации.

2. Годишен извештај на индустријата поднесуваат основните организации на здружен труд, работните организации што во својот состав немаат основни организации на здружен труд, работните заедници и други организации кои според Единствената класификација на дејностите се распоредени во областа на индустријата и рударството и се водат во Единствениот регистар на организациите и заедниците. Годишен извештај на индустријата поднесуваат и единиците што се занимаваат со индустриско и рударско производство, а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации на здружен труд - заедници.

Организациите на здружен труд што индустриската дејност ја вршат на територијата на две или повеќе општини треба да се раздвојат на онолку единици на посматрање колку што има општини на чија територија ја вршат дејноста. Работните организации со основни организации на здружен труд и сложените организации на здружен труд не се опфаќаат со овој извештај. Погоните на организациите на здружен труд што се наоѓаат надвор од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се предмет на посматрање на ова истражување.

3. Извештајни единици што се должни да доставaт годишен извештај на индустријата се основните организации на здружен труд, работните организации без основни организации на здружен труд и работните заедници што се распоредени во областа на индустријата и рударството. За единиците што се занимаваат со индустриско и рударско произиводство, а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации на здружен труд годишен извештај на индустријата доставуваат единиците во состав односно организациите во чиј состав единицата се наоѓа, зависно од тоа како е регулирано со нормативните акти давањето статистички податоци.

4. За спроведување на истражувањето се користи Единствениот регистар на организациите и заедниците.

5. За собирање на податоци за ова истражување се применува извештаен метод.

6. Извештајните единици доставуваат годишен извештај на индустријата до надлежниот статистички орган во рокот што тој ќе им го определи, а врз основа на Програмата на статистичките истражувања од интерес за целата земја.

7. Извори на податоци се книговодствената, кадровската и друга евиденција и документација со која располага извештајната единица.

8. Опфатеноста на организациите и заедниците е целосна.

9. Во подготвувањето и спроведувањето на статистичкото истражување за годишен извештај на индустријата учествуваат Сојузниот звод за статистика, републичките и покраинските и другите органи надлежни за работи на статистиката.

Сојузниот завод за статистика, во соработка со републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката, изработува методологија и инструментариум за спроведување на истражувањето и обработува податоци за Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини.

Републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката ги вршат сите подготовки неопходни за правилно и успешно спроведување на истражувањето и се грижат за неговото спроведување на својата територија. За таа цел ги вршат следните работи: учествуваат во изработката на методологија на истражувањето, составуваат адресар на извештајните единици, печатат обрасци и упатства и други инструменти за спроведување на истражувањето, вршат дистрибуција и концентрација на прашалниците, го контролираат опфатот на извештајните единици, ја контролираат потполноста и точноста на податоците, ги внесуваат податоците на медиуми за пренос на податоци на сметач, вршат логичка и сметковна контрола на податоците и ги исправаат податоците.

Републичките и покраинските органи надлежни за работи на статистиката што спроведуваат годишен извештај на индустријата преку подрачните заводи или статистичките органи и служби во општините и градовите, ќе ги утврдат нивните надлежности (доставување, собирање и контрола на извештаите).

10. Извештајните единици доставуваат податоци на обрасците „Годишен извештај на индустријата, ИНД-21" и „Помошен годишен извештај на индустријата, ИНД-21/116" врз основа на Единствените статистички стандарди. За спроведување на истражувањето се користи номенклатурата на производите која претставува составен дел на ова решение. Номенклатурата на производите за годишен извештај на индустријата е идентична со номенклатурата на производите за месечен извештај на индустријата, со таа разлика што некои производи во годишниот извештај на индустријата се прикажуваат во повеќе единици на мери што се подвлечени во номенклатурата.

11. Годишниот извештај на индустријата се обработува за Социјалистичка Федеративна Република Југославија, за социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини по гранки, групи и подгрупи на Единствената класификација на дејностите за сите обележја од прашалниците. За некои обележја (дистрибуции на организациите) обработка се врши само на ниво на гранките на дејности. Првите резултати од ова истражување Сојузниот завод за статистика ги публикува во вид на соопштенија, додека целосните резултати од истражувањето се презентираат во вид на излезни табели од сметачи, билтени, микрофиши и банка на податоци.

12. Идентификационите обележја за организацијата за која се поднесува изештај се даваат во заглавјето на образецот.

Кај прашањето а) работната организација ја запишува фирмата во полна форма, а основната организација на здружен труд и работната заедница називот, како што се наведени во судскиот регистар. Фирмата односно називот ја содржи ознаката што упатува на дејноста, името и ознаката на формата на организацијата - заедницата.

Другите организации и заедници го запишуваат својот полн назив како што е запишан во соодветниот посебен регистар, односно во актот за нивното основање.

Кај прашањето б) организацијата на здружен труд го запишува матичниот број на единствениот регистар под кој се води во Единствениот регистар на организациите и заедниците. Матичниот број на организацијата на здружен труд ѝ го определил надлежниот статистички орган во републиката односно автономната покраина ѝ го соопштил во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

Реден број на единицата во состав е шифрената ознака под која единицата се води во Единствениот регистар на организациите и заедниците (РОЈ-1а). Редниот број на единицата во состав на организацијата на здружен труд е соопштен во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

Кај прашањето в) се запишува видот на организацијата - формата на здружување во која се конституирала организацијата на здружен труд (основна организација на здружен труд, работна организација без основни организации, работна заедница и др.).

Кај прашањето г) се запишуваат адресните податоци.

Кај прашањето д) се запишува подгрупата на дејноста на организацијата на здружен труд или на единицата во состав во која е распоредена според Единствената класификација на дејностите („Службен лист на СФРЈ", бр

34/76, 62/77, 72/80, 77/82, 71/83 и 68/84). Распоредувањето по дејности го извршил надлежниот статистички орган во републиката односно во автономната покраина ѝ го соопштил на организацијата во „Известувањето за распоредувањето на организациите - заедниците".

13. Под вкупен број на работници се подразбира годишниот просек на работниците вработени во сите дејности на организацијата за која се поднесува извештај, вклучувајќи ги и работниците на раководни, стручни, општи и сродни работи и работниците од неиндустриски дејности. Основните организации на здружен труд и единиците што се занимаваат со индустриско производство, а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации, ќе ги прикажат само работниците на таа основна организација на здружен труд односно единицата во состав.

Со просечниот број на работници во индустриски дејности се опфаќаат само работниците од индустриски погони, вклучувајќи ја и нивната заедничка служба ако не е конституирана како работна заедница и, како таква, пополнува посебен извештај. Основните организации на здружен труд што се занимаваат со индустриско производство, а се наоѓаат во состав на неиндустриски организации ќе ги прикажат само работниците на заедничките служби на тие основни организации на здружен труд, а не работниците на целата неиндустриска организација. Организациите на електростопанството во индустриски работници ќе ги вклучат и работниците што работат на дистрибуција и пренос на електрична енергија.

Работници во производство се работниците чие работно место е во основни, помошни и споредни погони, како и работниците што работат на натовар на стоки и суровини во фабричкиот транспорт (се прикажуваат работниците што работат на следните работи и задачи: индивидуална рачна работа, верижно поврзана рачна работа, машинска работа и ракување со транспортни или сообраќајни средства).

Работници на раководни, стручни, општи и сродни работи се работниците што работат на работи на општо раководење, стручни работи, општи работи и работниците што работат на научноистражувачки работи (директори, раководители на погони, инженери и техничари, комерцијалисти, книговодители, евидентичари, административни работници, магационери, чувари, курири и др.).

Работници во неиндустриски дејности се работниците што работат на земјоделски економии, на експлоатација на шуми, во градежништвото, надворешниот транспорт, во продавници, складишта, стоваришта, ресторани за општествена исхрана, амбуланти и други неиндустриски дејности, ако тие не се издвоени во посебни основни организации на здружен труд.

Часовите на ефективна работа ги опфаќаат само фактички извршените часови. Часовите на ефективна работа на вкупните индустриски работници ги опфаќаат не само часовите на работниците во производството, туку и часовите на работниците на раководни, стручни, општи и сродни работи, а часовите на ефективна работа на индустриските работници само часовите на работа на работниците во производството. Двата податоци се однесуваат на индустриските погони, а првиот - и на нивната заедничка служба (дирекција).

14. При прикажувањето на работата во смени, организациите на здружен труд треба да изберат еден карактеристичен ден во месецот со најголемо производство во годината за која се поднесува извештај.

Работата во смени се прикажува со податоци за распоредот на работниците според работите и задачите, како и за моќноста на погонските машини и мотори според користењето во смени.

Распоредот на работниците по смени се прикажува само за работниците во производството (без работниците на раководни, стручни, општи и сродни работи). Се опфаќаат сите работници според списокот. Бројот на работниците по смени се дава според работните задачи односно работите на кои се работело во една, две и три смени. Под работи и задачи се подразбира работното место на кое може да работи само еден работник во претпладневна смена, еден во попладневна смена и еден во ноќна смена односно само во една од нив. Под работно место не се подразбира група на работници што на една машина врши исти работи.

Пример за правилно внесување на овие податоци во табела 2: ако организација на здружен труд има 1000 работници што работат во производството и следен распоред на работите и задачите (работните места): 100 работи и задачи на кои се работи во една смена, 100 работи и задачи на кои се работи во две смени и 200 работи и задачи на кои се работи во три смени, во табела 2 податоците треба да се внесат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вкупен број на работници | 1000 |
| 2. | Работници на работи и задачи на кои се работело во една смена | 100 |
| 3. | Работници на работи и задачи на кои се работело во две смени | 200 |
| 4. | Работници на работи и задачи на кои се работело во три смени | 600 |
| 5. | Работници кои на избраниот ден имале слободен ден | 100 |

Доколку во организацијата на здружен труд се работи во четири смени, работниците од четвртата смена треба да се префрлат во групата работници што работат на работи и задачи на кои се работи во три смени, со тоа што при давањето на овие податоци работните места треба да се помножат со четири.

Бројот на работниците кои на денот за кој се дава податок, според оперативниот план на организацијата на здружен труд, имале слободен ден, ќе се прикаже во алинејата „работници кои избраниот ден имале слободен ден". Ако работниците се отсутни од други причини (боледување, годишен одмор и др.),нивниот број ќе биде прикажан кај работите и задачите на кои би работеле тој ден да дошле на работа. Затоа во некои организации на здружен труд збирот на работниците спрема работите и задачите на кои се работело во една, две и три смени не се поклопува со вкупниот број на работниците.

Моќноста на секоја погонска машина и мотор (моќност на примарни двигатели што не задвижуваат генератори и електромотори) се распоредува поединечно во групи според тоа дали на избраниот ден е користена за работа во една смена, две или три смени. Кога на оваа моќност ќе ѝ се додаде моќноста на машините и моторите од резервата и моќноста на другите мотори што на тој ден не е користена, се добива податок за вкупно инсталираната моќност на погонските машини и мотори.

Пример за правилно внесување на овие податоци во табела 3: ако организацијата на здружен труд има 3000 kW инсталирана моќносст на погонските машини и мотори, од што 300 kW моќност се користеле само за работа во претпладневна смена, 1000 kW моќност за работа во претпладневна и попладневна смена, а 1500 kW моќност за работа во претпладневна, попладневна и ноќна смена и 200 kW моќност на погонските машини и мотори на тој ден не се користени (резерва, дефект и сл.), во табела 3 податоците треба да се внесат на следниот начин:

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Вкупна моќност на погонските машини и мотори во kW | 3000 |
| 2. | Користена за работа во една смена | 300 |
| 3. | Користена за работа во две смени | 1000 |
| 4. | Користена за работа во три смени | 1500 |
| 5. | Не е користена (надвор од употреба на избраниот ден) | 200 |

15. „Примарни двигатели" се машините и моторите чија моќност во целост или делумно се користи за производство на електрична енергија со задвижување на генератори. Во примарни двигатели спаѓаат: парни машини, турбини и др.

„Генератори" се машините што ја трансформираат механичката енергија на примарните двигатели во електрична енергија (генератори за производство на електрична енергија). Не се опфаќаат синхроните компензатори за поправка на факторот на моќноста, мотор-генераторите и ротационите насочувачки постројки (во електролизи).

Моќноста на машините во електраните треба да се даде врз основа на податокот што е втиснат на фабричката плочка. Со податокот треба да се опфати и моќноста на агрегатите што се во пробна работа, иако можеби не се воведени во картотеката на основните средства.

16. „Примарните двигатели што не задвижуваат генератори" ги опфаќаат машините и моторите што непосредно се користат за задвижување на машини работилки, трансмисии и др., вклучувајќи ги и моторите вградени во машините работилки, булдожерите, багерите, жичарите

итн. Не се опфаќаат агрегатите во електраните и моторите во камиони, автомобили, трактори и бродови.

„Електромоторите" ги опфаќаат сите самостојни мотори и моторите вградени во машини работилки, што даваат механичка енергија а ги задвижува електрична енергија. Не се опфаќаат ротационите насочувачки postројки, синхроните компензатори за поправка на факторот на моќноста, мотор-генераторите и другите постројки на електричен погон што не даваат механичка моќност туку само ја трансформираат или поправаат електричната енергија.

„Електропечки и термички апарати" опфаќаат: електропечки, сушилници, греалки, бојлери и други апарати за загревање. Не се опфаќаат апаратите со помалку од 1 kW приклучна моќност и апаратите што не ѝ служат на индустриската дејност.

Под моќност на уреди за електролизи и галванизација се подразбира приклучната моќност на уредите забележана на т. н. фабричка плочка. Практично, моќноста е еднаква на количината енергија што уредот ќе ја потроши за еден час непрекината работа.

„Разладните уреди" ги опфаќаат уредите што ѝ служат на индустриската дејност, како и оние што се наоѓаат во ладилници за замрзнување на овошје, зеленчук и месо во состав на организацијата за која се поднесува извештај. Приклучна моќност на разладен уред е моќноста на моторот вграден во разладниот уред.

Бројот на машините и моторите се дава според инвентарскиот список, така што ги опфаќа сите исправни и неисправни машини и мотори што не се книговодствено расходувани, било да се во редовна работа, пробен погон или во т. н. редовна резерва. Се опфаќаат само инсталираните машини и мотори. Не се опфаќаат инсталираните машини и мотори што се наоѓаат во одделенија што не работат зашто уште се во изградба, како ниту машините и моторите што не се монтирани иако се запишани во картотеката на основните средства.

Моќноста на машините и моторите ќе се искажува врз основа на податокот што е втиснат на фабричката плочка.

17. Номенклатурата на индустриските производи е задолжителна за сите организации на здружен труд што поднесуваат годишен извештај на индустријата. Организациите според неа ќе ги прикажуваат и своите основни производи и производите од споредните дејности. Ако со номенклатурата не се предвидени сите финални производи што ги произведува организацијата за која се поднесува извештај, таквите производи треба да се внесат во извештајот по сите производи наведени во номенклатурата на веќе назначеното место на образецот „Вредност на индустриските производи неспоменати во номенклатурата". Освен неопфатените финални производи во образецот се прикажуваат и со номенклатурата неспоменатите услуги на индустриските погони и производството на вода од сопствен водовод.

Како произведени количини на одделни производи ќе се прикажат сите произведени количини во годината за која се поднесува извештај. Во тие колични се вклучуваат производите наменети за продажба и производите наменети за натамошна преработка во организацијата за која се поднесува извештај.

Под готов производ се подразбира секој производ што во процесот на работа достигнал соодветен степен на изработка, така што во номенклатурата на производите е наведен под посебна шифра и назив. Со поимот на така дефиниран готов производ се опфаќаат и сите работи на довршување на производот, во кои спаѓаат чистењето, отстранувањето на помали недостатоци, типизираното масовно пакување, испитувањето на квалитетот, класирањето и сл. Производот е готов кога неговата исправност ќе ја провери фабричката контрола или друг орган што врши контрола на квалитетот на производите. Количините на неисправните производи не се засметуваат во готово производство.

Податокот за произведените количини на одделни производи се зема од книгите што ги водат складиштата (магацините) на готови стоки и полупроизводи. По исклучок, ако полупроизводот не поминува низ никакво складиште, податокот ќе се земе од евиденцијата на одделението или на погонот што го произведува тој полупроизвод.

Целокупното производство ќе се искаже под шифрите и називите наведени во номенклатурата на производите. Називите на производите се внесуваат во образецот по редоследот од номенклатурата, при што се почнува од ставката со најмала шифра.

Сите податоци се прикажуваат во единици на мера што се пропишани со номенклатурата на производите. Ако организацијата на здружен труд го евидентира своето производство во некоја друга единица на мера, а не во онаа што е наведена во номенклатурата, ќе мора да изврши потребно пресметување. Коефициентите за тоа пресметување ќе се утврдат со помош на техничките стручњаци во организацијата. Тие коефициенти треба да се сочуваат и постојано да се користат при составувањето на статистички извештаи. Тие ќе се менуваат само ако се изврши поголема промена во асортиманот и квалитетот на производите. Вредноста на реализацијата треба да се запише само кај единицата на мера која е како прва назначена во номенклатурата.

Под готово производство се смета и производството остварено врз основа на заедничко вложување со странски партнер на територијата на нашата земја. Производството што се остварува врз основа на заедничко вложување со странски партнер остварено надвор од територијата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија не се опфаќа со овој извештај (на пример, нафта и др.).

Под услужно производство се подразбира производството со суровини од нарачувачот и за негова сметка, така што производителот не се јавува како сопственик на стоките туку само како организација која врши производствена услуга. Таквото услужно производство ќе се искаже со шифра и со полн назив како и редовното производство според номенклатурата и со пропишаните единици на мера, но во одвоен ред, со ознака „услуги". Со залихите се опфаќаат количините затекнати кај производителот на 31 декември. Реализација ќе претставува испорка на изработени стоки до нарачувачот. Како вредност на реализацијата ќе се опфати само вредноста на сторената услуга, т.е. онаа вредност што се наплатува од нарачувачот. Како услужно производство не се сметаат поправки, ремонт, инвестиционо одржување и слични работи, туку само производството со суровини на нарачувачот (на пр. режење на граѓа, шиење на долна облека и облека, мелење на брашно и ферментирање на тутун). Ако сопственик на производ за кого се врши услуга е некоја индустриска организација која посебно поднесува годишен извештај на индустријата, таа нема да го прикаже производството за да не бидат исти количини двапати искажани. Меѓутоа, сопственикот ќе ја прикаже продажбата на стоки како реализација, а како залихи - само оние количини што на 31 декември се затекнале во неговите магацини.

Максимално можно прозводство на некој производ претставува најголемата можна количина на тој производ што било можно да се произведе во текот на годината при полно користење на инсталираните машини и уреди и при полна вработеност, со максимално можни технички и работни ефекти, со нормален интензитет на работа, со минимално подготвително - завршно време, со минимално време на признати загуби и со минимално врме за ремонт, и тоа: а) во рамките на техничко-технолошки можното време за работа на капацитетите и б) во рамките на проектираното можно време за работа на капацитетите.

Обемот на можното време за работа и максимално можните ефекти треба да се определат врз основа на фактичката состојба на елементите на прозводството во текот на годината, т.е. врз основа на постојниот обем и способноста на машините и уредите, расположивите работни простории, можниот број на работни места и вештината на работниците. Што го определува капацитетот односно максимално можното производство на еден производ или на група производи, дали тоа се машините и уредите, просториите или работната сила или го определуваат заеднички, е специфично за секој капацитет и зависи од значењето што секој од споменатите фактори го има за големината на определен капацитет, па за тоа треба да решат стручњаците што се занимаваат со планирање на капацитетите и производството.

Резервите на капацитетите (луѓе, постројки) наменети во определен момент да се вклучат во процесот на производството, било кога од процесот ќе испадне некој важен дел од капацитетот или кога ќе се укаже потреба од максимално напрегање на некој дел од капацитетот, не се опфаќаат со податокот за можното производство.

Факторите како што се недостиг на електрична енергија, суровини и сл. или слаба реализација на производите, било да дејствуваат врз обемот на производството во подолг или пократок период, не се сметаат како фактори што го определуваат можното производство, т.е. капацитетот. Тоа се фактори што влијаат врз обемот на оствареното производство и нејзиниот однос спрема можното производство т.е., степенот на користење на капцитетот.

По правило, капацитетот на некој производ го определуваат само оние елементи што непосредно му припаѓаат на процесот на неговото производство, било процесот да пртставува фабрика, погон или линија. Во организациите кои, според номенклатурата на производите, изработуваат производи со различни степени на обработка (на пр. производство на фурнир, шперплочи и мебел или производство на целулоза и хартија или производство на челик и валани производи итн.), капацитетот односно максимално можното производство на секој од наведените производи се определува врз основа на факторите што му припаѓаат на циклусот на производството само на тој производ. Така, на пример, максимално можното производство на фурнир се определува само врз основа на факторите во погонот за фурнир. Максимално можното производство на шперплочи се определува исто така само врз основа на факторите во погонот за производство на шперплочи, т.е. независно од големината на капацитетот на фурнирот што е полупроизвод во организацијата и се троши за производство на шперплочи. Фурнирот и шперплочите се посебни производи во номенклатурата на производите, па затоа за секој од нив посебно се определува максимално можно производство.

Ако во една од фазите на процесот на производство на некој производ постои тесно грло, можното производство на тој прозвод треба да се определи врз основа на капацитетите на тесното грло само тогаш ако тесни грла се оние делови на капацитетите кои вршат најсложени функции, како во поглед на големината на операцијата, така и во поглед на тешкотиите на извршувањето и кои, по својата вредност, претставуваат највредни делови на капацитетите.

Со оглед на тоа дека и оствареното и максимално можното производство се прикажуваат врз основа на иста номенкалтура на производите, кај капацитетите (фабрика, погон, линија итн.), во кои исти работници со исти средства изработуваат повеќе производи наведени во номенклатурата, максимално можното производство треба да се прикаже во количини што би било можно да се произведат во комбинација на производи, а што е остварена во годината. Тоа значи дека максимално можното производство на такви капацитети не се изразува со еден производ, туку врз основа на истовремено остварено производство на повеќе производи се изразува и максимално можното истовремено производство на повеќе производи. Притоа мора постојано да се има предвид односот на оствреното и можното производство на сите производи што се изработуваат со дадениот капацитет, за да не дојде до дуплирање.

Исто така, кога се во прашање капацитети што преработуваат суровини (на пр. руда со различна содржина на метал, семе со различна содржина на масло и сл.) или изработуваат производи од различни асортимани и квалитети (особено при преработка на метали) чии разлики влијаат врз големината на капацитетите, податоците за максимално можното производство исто така треба да се изразат врз основа на онаа комбинација на асортиманот и квалитетот на суровините и производите што е остварена во годината.

Кога се во прашање капацитети во кои, покрај сопствено производство, се врши и услужно производство или се врши само услужно производство, податокот за можно производство се утврдува за капацитетот во целост, со тоа што во образецот и кај сопственото и кај услужното производство се прикажува сразмерно на обемот на оствареното производство.

Максимално можното производство во годината се утврдува, со оглед на можното време во кое се изразува, на два начина и се прикажува посебно, во две колони. Во првата колона се прикажува можното производство во рамките на техничко-технолошки можното време за работа на капацитетите, кај која се зема дека секој капацитет (фабрика, погон, линија), при минимални техничко-технолошки застои, може ефективно да се користи 365 дена во годината, и тоа во три смени, било да е во прашање капацитет што го определуват само постројките, или постројките и работниците или само работиците. Во втората колона се прикаува можното производство во рамките на проектираното време за работа на капацитетите. Можните времиња се дефинираат на следниот начин:

Техничко-технолошки можното време за работа на капацитетите (фабрика, погон, линија итн.) ја претставува разликата на календарскиот фонд на времето и времето на техничко-технолошки неопходните застои. Во техничко-технолошки неопходни застои спаѓаат стоењата поради: а) признати подготвително-завршни работи, б) признати загуби поради пуштање на орудија за работа во погон при почетокот на работата, поради загревање, подмачкување, чистење, отстранување на помали пречки во работата, регулирање на алатите, преуредување на орудијата за работа поради промена на асортиманот, ладење и исклучување на орудијата за работа на крајот на работата и в) ремонт на орудијата за работа.

Со техничко-технолошките неопходни застои се опфаќа само минималното потребно подготвително-завршно време, минималното време на признатите загуби и минималното потребно време за ремонт.

Со техничко-технолошките неопходни застои не се опфаќа времето на стоење поради дефекти на орудијата за работа, организациони недостатоци во процесот на производството, ниту паузите во смена и помеѓу смени.

Пример: Ако врз основа на постојните нормативи, процени и др. за определен капацитет (фабрика, погон, линија и др.) се утврди дека за работа во три смени, техничко-технолошките неопходни застои дневно изнесуваат, во просек, три часа и дека минималното потребно време за ремонт на постројки во текот на годината изнесувало 10 дена, вкупните технично-технолошки застои во текот на годината, за капацитет што бил инсталиран од 1 јануари до 31 декември, ќе изнесуваат (365 дена — 10 дена за ремонт) × 3 часа + 10 дена за ремонт × 24 часа = 355 × 3 + 10 × 24 = 1305 часа.

Техничко-технолошки можното време за работа на капацитетот во годината тогаш би изнесувало 365 дена × 24 часа — 1305 часа = 8760 — 1305 = 7455 часа, а максимално можното производство во рамките на техничко-технолошки можното време за работа на капацитетот ќе се добие така што максимално можното производство на капацитетот за 1 час непрекината работа ќе се помножи со техничко-технолошки можното време, т.е. со 7455 часа.

Максимално можното производство за еден час, по правило, се добива така што максимално можното производство за 24 часа (три дневни смени) ќе се подели со бројот на часовите што претставуваат разлика помеѓу 24 дневни часа и минимално потребниот број часови на дневно стоење поради признати застои. Зависно од должината на циклусот на прозводството, пресметка на можното производство за еден час може да се изврши и во рамите на пократко или подолго време. Меѓутоа, мора секогаш да се има предвид дека едночасовното можно производство помножено со можниот број часови на ефективно користење на капацитетот во текот на три смени (24 часа минус бројот на часовите на признати дневни застои) треба да го претставува максимално можното прозводство при целосно користење на капацитетот (фабриката, погонот линијата и сл.) во три смени.

За капацитети што се пуштени во погон или се исфрлени од натамошна употреба во текот на годината, пресметка на техничко-технолошките застои и на можното време треба да се изврши само за перидот во кој капацитетот бил инсталиран.

Проектираното можно време за работа на капацитетот (фабриката, погонот, линијата итн.) е определено со можниот број и должината на смените и со бројот на деновите на работа на капацитетот во текот на годината, што се утврдени со проектот за дадениот капацитет. По исклучок, ако не е познат можниот број на смени и денови на работа според проектот или во подолг период се остварува поголем број на смени (денови) на работа, како можен број на смени (денови) на работа треба да се земе најголемиот број на смени (денови) во кои капацитетот работел во последните неколку години.

Со проектираното можно време за работа на капацитетот не се опфаќа времето во кое капацитетот стоел пора-

ди државни празници, годишни и неделни одмори, како и поради повремен и генерален ремонт на постројките, и тоа само минимално потребното време за вршење на ремонт. Со можното време за работа на капацитетот не се опфаќа ниту времето во годината во кое капацитеот не работел поради тоа што уште не биле инсталирани машините и уредите или биле исфрлени од натамошна употреба.

Кај капацитетите што преработуваат суровини (на пр. прехранбена индустрија) или изработуваат производи (на пр. индустрија на градежен материјал, прехранбена индустрија и др.) чиј обем на преработка односно на производство е обусловен од сезоната, проектираното можно време за работа на капацитетот, а со тоа и максимално можното производство во рамките на тоа време, е определено со траењето на вообичаената сезона за преработка односно производство.

Во количините потрошени за натамошно производство ќе се прикаже потрошувачката на наведените производи во рамките на организацијата за која се поднесува извештај. Тоа е т.н. интерна реализација. Во количините потрошени за натамошно производство нема да се прикажат меѓусебните испораки на основните органиазции на здружен труд што се во состав на иста работна или сложена организација, бидејќи тие основни организации на здружен труд пополнуваат посебни извештаи. Во таа ставка не се прикажуваат производите потрошени за сопствена инвестициона изградба. Во количините потрошени за натамошно производство не треба да се прикажат ниту количините набавени надвор од организацијата за која се поднесува извештај.

Реализацијата ги опфаќа количините на производите и услугите продадени на дрруги организации на здружен труд, како и извозот, количините потрошени за сопствена инвестицона изградба и давањето на работниците во натура. Реализираните количини на други основни организации на здружен труд на иста работна организација исто така се сметаат како реализирани количини од гледиштето на основната организација на здужен труд за која се поднесува извештај. Реализација по вредности е збирот на фактурните износи на тие количини (без интерна реализација) пресметани по основ на продажбата на производи, потоа компензациите, регресите и премиите за реализирани количини. Од тој збир ќе се исклучат транспортните трошоци за експедиција на стоки, така што со тој податок се добива вредноста на реализацијата на стоките по цените на производителите, франко натоварна станица.

Во случај на работење врз база на заедничка работа и заедничко работење износот на реализацијата треба да ја опфати вкупната вредност на производите, што значи дека во вреднсота на реализацијата треба да се опфати фактичката цена по која производите се примени на натамошна доработка и преработка и делот од вредноста што по основ на заедничка работа ѝ припаѓа на организацијата која поднесува извештај.

Работните заедници на заедничките служби својот вкупен приход ќе го прикажат во редот „Вредност на услугите на индустриските погони неспоменати во номенклатурата" (шифра 000 000 000 2) и во редот „Вкупна реализација" (шифра 000 000 000 4).

Сите вредности се искажуваат во илјади динари.

18. Потрошокот на електрична енергија по технолошка намена се дава врз основа на документацијата и евиденцијата со која располага организацијата што поднесува извештај. Ако не се располага со егзактни податоци, таа структура треба да ја проценат стручњаците на организацијата што поднесува извештај.

19. Во поглед на извозот треба да се прикаже динарската вредност на извезените стоки било да се извезени директно или преку надворешнотрговски организации. Динарска вредност на извезените стоки претставува дел од вкупната фактурирана реализација што со извоз на стоки го остварила единицата за која се поднесува извештај. Основните организации на здружен труд и единиците што се занимаваат со индустриско производство, а се наоѓаат во состав на земјоделски комбинати, не треба да ја прикажат вредноста на извозот на земјоделските производи.

Во поглед на вредност на потрошениот увозен материјал и суровини, се прикажува потрошувачката на материјалот и суровините од увоз било да се директно купени во странство или набавени преку надворешнотрговски организации. Динарската вредност на увезениот потрошен материјал и суровини се пресметува по внатрешните набавни цени, кои покрај цената франко југословенска граница, ги опфаќаат царината и царинските давачки, како и сите други трошоци (транспорт и др.) од границата до складиштето на организацијата на здружен труд.

20. Под број на производот што ќе се наведува како одговор на прашањето „Промени во програмата на производството" се подразбира најдеталната листа на артикли според која организацијата за која се поднесува извештај води евиденција во својата магазинска или комерцијална служба. Тоа значи дека бројот на производот не треба да се земе од номенклатурата според која е прикажано индустриското производство во табела 6 на овој образец.

Под нови производи се подразбираат производите што, во споредба со поранешното производство во организацијата за која се поднесува извештај, не се произведувале. Како нови производи ќе се сметаат и производите што, во споредба со поранешното производство на сродни производи, се одликуваат со изработка од други суровини, со изработка на технолошки нов начин (преминување на производство на текушта лента, на производство со битно поинакви машини и др.) или се одликуваат со значајни нови својства на производот (променета употребна вредност, задоволување на новонастанатите потреби и др.). Во нови производи не спаѓаат: нови модели (типови, форми, фазони), нови димензии (големини, броеви, нумерации, граматури, тежини, формати, моќност итн.), нов квалитет (класи, градации), ново пакување (по големина, формат и вид на амбалажа), како ни производите изработени по порачка (според нацрт, скица или список). Ќе се смета дека производот е воведен во производство ако почнало редовното производство за кое е обезбедена техничка документација, оспособен кадар и набавена потребна опрема.

Нови производи, од гледиштето на организација на здружен труд, се производи што порано веќе ги произведувала некоја организација на здружен труд во Југославија, но во организацијата за која се поднесува извештај првпат се произведуваат.

Нови производи, од гледиште на целата земја, се производи што порано не ги произведувала ниту една организација на здружен труд во Југославија што се занимава со индустриско производство. Во тие производи спаѓа и производството по штотуку откупени лиценци.

Нови производи, од гледиште на социјалистичките републики и социјалистичките автономни покраини, се производи што порано не ги произведувала ниту една организација на здружен труд што се занимава со индустриско производство во таа република односно автономна покраина.

21. Како пронајдок се смета ново решение на дефиниран технички проблем, кој е резултат од творечка работа, кој индустриски и технички е изводлив и кој може да се користи во индустриското производство или во друга стопанска или нестопанска дејност.

Како техничко унапредување се смета секоја рационализација на работата што настанува со примена на познати технички средства и технолошки постапки во сите фази на процесот на работата, со која се постигнува: зголемување на доходот на организацијата на здружен труд, зголемување на производственоста на работата, подобрување на квалитетот на производите, заштеда на материјали, заштеда на енергија, подобро искористување на машините или инсталациите, подобрување на техничката контрола на производите, подобрување на заштита при работа или подобрување на заштитата и унапредување на човековата средина.

Корисни предлози се сите предлози што претставуваат порационално решение или вршење на која и да е функција во организацијата на здружен труд и кои во смисла на прописите не се сметаат како пронајдок или како техничко унапредување. Во корисни предлози, покрај другите, спаѓаат и предлозите за подобрување на организацијата на работењето, транспортот и сл. Во практиката на организирана инвентивна работа обично се опфаќаат предлози што се во врска со технолошките процеси и со производството. Според тоа, треба да се опфатат сите оние предлози што организациите на здружен труд во своите интерни акти ги наведуваат како корисни предлози.

Со модел се штити нова надворешна форма на определен индустриски или занаетчиски производ односно на негов дел.

Со мостра се штити нова слика или цртеж што може да се пренесе на определен индустриски или занаетчиски производ односно на негов дел.

Со жиг се штити стоковен или услужен знак кој во стопанскиот промет е наменет за разликување на стоки односно услуги од ист или сличен вид.

Како know-how се сметаат знаењата и искуствата, како збир на современи технички и технолошки знаења, искуства и вештини, вклучувајќи ги оние што се однесуваат на спецификациите на суровините, стандардите на производството и преработката, процесот на техниката и тајната на сопствените постапки и контролата на квалитетот и други податоци што можат да се применат во индустриското и друго производство. Знаењето и искуството содржи и известувања и упатства што се однесуваат на програмирањето, производството, употребата и одржувањето на производите, а може да содржи и методологија на испитување на пазарот.

Како лиценца се смета отстапување, во целост или делумно, на правото на искористување на пронајдок, техничко знаење и искуство, жиг, мостра или модел на друго правно или физичко лице. Договорот за лиценца е полноважен само ако е составен во писмена форма.

Податоците за вложени средства во развојно-истражувачки работи за иновирање на производството во годината за која се поднесува извештај (без издатоци за „образование"), се земаат од образецот на завршната сметка "Биланс на успехот", ставка „Издатоци за текушти потреби на стручното образование и научноистражувачката работа" (во книговодството тие издатоци се водат на контото 411). Од оваа ставка искажана во завршната сметка се одбива делот што се однесува на стручното образование.

22. Како нови индустриски објекти се сметаат: новоизградени индустриски организации и организации пререгистрирани од занаетчиство во индустрија. Од новите објекти што една организација ги гради, овде се опфаќаат само објектите што претставуваат нови производствени капацитети, без оглед на тоа како се конституирани - како посебни основни организации на здружен труд, единици во состав и др. (нови електрани, високи печки, предилници итн.).

Реконструкции и помали проширувања на постојните објекти не се опфаќаат. Не се опфаќаат ни објекти изградени заради заштита при работата, зголемување на продуктивноста, надополнување на технолошкиот процес, помошни работилници и други згради, кои без нова опрема не даваат зголемено производство.

Проширувањата на капацитети ќе се опфатат како нов објект само кога новите капацитети значително ги прошируваат старите капацитети. Кај сложените технолошки процеси како одлучувачко проширување на капацитетите што треба да се третираат како нов објект се земаат оние проширувања што го зголемуваат бројот и капацитетот на основните, критичните машини, од кои зависи изработката на самиот производ. Производот според кој се оценува дали новиот објект нешто значи или не значи се дефинира според номенклатурата на производите. Секој нов објект треба да се следи две години зашто во најголем број случаи во третата година се губи влијанието на производството на новиот погон врз индексот на индустриското производство.

23. Податоци за кооперација, било да е во прашање испорака или прием на производи, треба да прикажат само организациите на здружен труд што склучиле договор за кооперација со кој ги регулираат односите на соработката со своите партнери во земјата и во странство.

24. Под стручно образование - формалноправна квалификација, се подразбира стручното образование стечено: а) со завршување на соодветно училиште, б) завршување на училиште или курс на кои со Решението за рангот на школите, курсевите и испитите им е утврден ранг на училиште односно курс, в) со признавање на степенот на стручно образование на приучен (полуквалификуван) работник по проверување на неговата стручност во организацијата - заедницата, г) со полагање на стручен испит за стекнување на степенот на образование на квалификуван и висококвалификуван работник, д) со полагање на посебен испит за признавање на стручна подготовка според прописите за јавните работници и ѓ) со признавање на стручна подготовка (звање) на јавните работници според прописите за јавните работници.

Високо стручно образование има лицето што завршило втор степен на факултет или на него рамна школа односно школа или курс на кои со Решението за рангот на школите, курсевите и испитите им е утврден ранг на факултет. Високо стручно образование има и лицето што положило посебен испит за признавање на висока стручна подготовка за јавните работници или на кое, според прописите за јавните работници, му е признаена висока подготовка.

Вишо стручно образование има лицето што завршило прв степен на факултет или на него рамна школа, виша или на неа рамна школа односно школа или курс на кои со Решението за рангот на школите, курсевите и испитите им е утврден ранг на виша школа. Вишо стручно образование може да има и лице што положило посебен испит за признавање на виша стручна подготовка според прописите за јавните работници или на кое, според прописите за јавните работници, му е признаена виша подготовка.

Средно стручно образование има лицето што завршило стручно училиште, училиште за општо образование или на него рамно училиште од втор степен, односно училиште или курс на кои со Решението за рангот на училиштата, курсевите и испитите им е утврден ранг на средно училиште. Средно стручно образование може да има и лице што положило посебен стручен испит за признавање на средна стручна подготовка според прописите за јавните работници или на кое, според прописите за јавните работници, му е признаена средна подготовка.

Нижо стручно образование има лицето што завршило најмалку осумгодишно или на него рамно училиште или непотполно стручно училиште за општо образование односно што завршило училиште или курс на кои со Решението за рангот на училиштата и курсевите им е утврден ранг на осумгодишно училиште или непотполно средно училиште. Нижо стручно образование може да има и лицето што, според прописите за јавните работници, има признаена нижа стручна подготовка.

Висококвалификуван степен на стручно образование има лицето што завршило школа за висококвалификуван работник или на неа рамна школа односно што положило испит за стекнување степен на стручно образование на висококвалификуван работник според Општото упатство за стекнување стручна подготовка на работниците со практична работа во претпријатие („Службен лист на ФНРЈ", бр. 54/52).

Квалификуван степен на стручно образование има лицето што завршило школа за квалификуван работник односно што положило испит за стекнување степен на стручно образование на квалификуван работник.

Полуквалификуван (приучен) степен на стручно образование има лицето на кое во организацијата - заедницата му е признаен степен на стручно образование на полуквалификуван (приучен) работник.

Неквалификуван работник е работникот што не стекнал стручно образование ниту на еден од наведените начини.

За секоја од наведените групи на степени на стручно образование на работниците се прикажува бројната состојба на 31 декември претходната година, бројот на оние што дошле во текот на годината за која се поднесува извештај, бројот на оние што отишле во текот на таа година и состојбата на крајот на таа година. Помеѓу овие податоци постои сметковна усогласеност: состојба на 31 декември претходната година + оние што дошле во текот на годината за која се поднесува извештај — оние што отишле во текот на таа година = состојба на крајот на таа година. Тој биланс може да се наруши единствено во случај некој работник да стекне повисока квалификација во текот на годината за која се поднесува извештај. За да не се појави таква несогласност, овие работници треба и на почетокот на годината да се прикажат во квалификационата група во која се наоѓаат и на крајот на годината. Во бројот на вработените на 31 декември претходната година треба да се прикажат и работниците што отишле од организацијата на 1 јануари во годината за која се поднесува извештај. Тие работници траба да се прикажат како работници што отишле во текот на годината бидејќи нивното заминување

СОЈУЗЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

ИНД-1 1987.

Одлука на Собранието на СФРЈ АС бр. 660 „Службен лист на СФРЈ", број 76/85

МЕСЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДУСТРИЈАТА

за месец ...................... 1987 година

1. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА ИЗВЕШТАЈ (ОРГАНИЗАЦИЈА-ЗАЕДНИЦА, ЕДИНИЦА ВО СОСТАВ)

а) Назив (фирма) .................................... | 0 | 8 | 0 | 1 | (4)
Шифра на стат.ист.

..........................................................................

(единицата во состав го запишува полниот назив на организацијата-заедницата во чиј е состав и својот назив)

б) Матичен број на единственият регистар .................................... (11)

Реден број на единицата во нејзиниот состав .................................... (14)

в) Вид на организација – форма на здружување ....................................

.................................... (16)

г) Општина .................................... Место .................................... (20)

Улица и кукен број .................................... Телефон ....................................

д) Дејност (подгрупа) .................................... (26)

(28)
Месец

ТАБЕЛА 1. ГОТОВО ПРОИЗВОДСТВО, ЗАЛИХИ И ПРОДАЖБА (РЕАЛИЗАЦИЈА) НА ПРОИЗВОДИ

| Производи според номенклатурата за месечниот извештај во „Сл. лист на СФРЈ", бр. 66/86) | | | Готово производство[1] | | Вкупни залихи на крајот на извештајниот месец[2] | Продажба (реализација) на производи од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Шифра на производот | Назив на производот | Единица на мера | во извештајниот месец | од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец | | |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | | | |
| (39) | | (40) | (48) | (56) | (64) | (72) |

1 (29)

внимава) за пропишаната единица на мера

податоците се даваат без децимали

1) и 2) Како готово производство и залихи ќе се прикажат вкупно произведените количини за продажба и за натамошна преработка во извештајната единица.

ТАБЕЛА 2. НАБАВКА, ПОТРОШОК И ЗАЛИХИ НА СУРОВИНИ И МАТЕРИЈАЛИ

| | Сурсвини и матер. според номенклатурата за месечниот извещ („Службен лист на СФРЈ", бр. 66/86) | | | Набавено од други во текот на извештајниот месец | Потрошено за производство | | Залихи на крајот на извештајниот месец[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Шифра на суровините и материјалот | Податоците се даваат без децимали | Единица на мера | | во извештајниот месец | од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец | |
| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| 2 (29) | | | | | | | |
| | (39) | (40) | | (48) | (56) | (64) | (72) |

1) Да се запише шифрата 8 ако суровината е од домашно потекло, а шифрата 9 ако е по потекло од увоз. Ако истата суровина се троши од домашното производство и од увоз во табелата треба да се внесе двапати со назначување на потеклото, со шифрите 8 односно 9.

2) Како залихи на суровини и материјали ќе се прикажат залихите на набавените суровини и материјали што се наменети за натамошна потрошувачка во извештајната единица.

ТАБЕЛА 3. НАБАВКА, ПОТРОШОК И ЗАЛИХИ НА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО ЗА ПОГОНСКИ И ТЕХНОЛОШКИ ЦЕЛИ[1]

| | | | Назив | Единица на мера | Набавено од други во текот на извештајниот месец | Потрошено во извештајната единица: во извештајниот месец | Потрошено во извештајната единица: од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец | Вкупни залихи на крајот на извештајниот месец[2] |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | 0 | 1 | Електрична енергија | Mwh | | | | x x x x x x x x |
| (29) | 0 | 2 | Антрацит | t | | | | |
| | 0 | 3 | Кокс | t | | | | |
| | 0 | 4 | Камен јаглен (вклучувајќи и брикет) | t | | | | |
| | 0 | 5 | Мрк јаглен (вклучувајќи и брикет) | t | | | | |
| | 0 | 6 | Лигнит (вклучувајќи и брикет) | t | | | | |
| | 0 | 7 | Течни горива (без мазут) | t | | | | |
| | 0 | 8 | Мазут | t | | | | |
| | 0 | 9 | Природен гас (без течни гасови) | 000 m³ | | | | |
| | 1 | 0 | Течен гас (пропан, бутан и др.) | t | | | | |
| | 1 | 1 | Други гасови[3] | 000 m³ | | | | |
| | 1 | 2 | Збогатен уран (нуклеарно гориво) | kg | | | | x x x x x x x x |
| | 1 | 3 | Збогатен уран (нуклеарна енергија) | TJ | | | | x x x x x x x x |
| | 1 | 4 | Топла вода | GJ | | | | x x x x x x x x |
| | 1 | 5 | Врела вода | GJ | | | | x x x x x x x x |
| | 1 | 6 | Пареа | GJ | | | | x x x x x x x x |
| | (31) | | | | (39) | (47) | (55) | (63) |

1) Потрошувачката на наведените видови гориво во својство на суровини се искажува во табелата 2.

2) Како залихи на гориво се прикажуваат залихите на набавеното и сопственото гориво што е наменето за натамошна потрошувачка во извештајната единица.

3) Под оваа позиција извештајните единици треба да ја прикажат потрошувачката на следните гасови: рафинериски гас, гас од високи печки, гасови врз база на преработка на јаглен, горливи гасови произведени со гасификација на јаглен, коксни гасови и гасови од гасарници.

ТАБЕЛА 4. РАБОТНИЦИ – состојба на последниот ден во месецот

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 4. | | Вкупно (1+2)[1] | | | (34) |
| (29) | 1. | Индустрија и рударство[2] | Група на дејност | | (39) |
| | 1.1 | | | | (49) |
| | 1.2 | | | | (59) |
| | 1.3 | | | | (69) |
| | 1.4 | | | | (79) |
| | 1.5 | | | | (89) |
| | 1.6 | | | | (99) |
| | 1.7 | | | | (109) |
| | 2 | Неиндустриски дејности[3] | | | (114) |

1) Ги опфаќа работниците во сите дејности на организацијата за која се поднесува извештај, вклучувајќи ги работниците што вршат задачи од групите на општи, стручни работи и на работи од општо раководење, како и работниците од неиндустриски дејности, без оглед на тоа дали се во работен однос на неопределено или на определено време, како и дали работеле полно, пократко од полното време или скратено.

2) Се опфаќаат работниците што работат во основни, помошни и споредни погони, како и работниците што работат на натовар на стоки, суровини и репродукционен материјал во фабричкиот транспорт (се прикажуваат работници што ги вршат следните видови работи и задачи и индивидуалната рачна работа, верижно поврзана рачна работа, машинска работа и ракување со транспортни и сообраќајни средства).

3) Ги опфаќа работниците што работат на земјоделски економии, експлоатација на шуми, во градежништвото, надворешниот транспорт, во продавници, складови, стоваришта ресторани за општествена исхрана, амбуланти и во други неиндустриски дејности, ако тие не се издвоени во посебни основни организации на здружен труд.

ТАБЕЛА 5. ОПШТА ПРОБЛЕМАТИКА

| | | Добро | Слабо | Критично | Не е битно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Снабденост со: | | | | | | |
| 1 | домашни суровини и материјали | 1 | 2 | 3 | 4 | (115) |
| 2 | увозни суровини и материјал | 1 | 2 | 3 | 4 | (116) |
| 3 | јаглен | 1 | 2 | 3 | 4 | (117) |
| 4 | електрична енергија | 1 | 2 | 3 | 4 | (118) |
| 5 | течни горива | 1 | 2 | 3 | 4 | (119) |
| 6 | енергетски гасови | 1 | 2 | 3 | 4 | (120) |
| 7 | амбалажа | 1 | 2 | 3 | 4 | (121) |
| Состојба на: | | | | | | |
| 8 | сообраќајните врски | 1 | 2 | 3 | 4 | (122) |
| 9 | порачките за домашниот пазар | 1 | 2 | 3 | 4 | (123) |
| 10 | порачките за извоз | 1 | 2 | 3 | 4 | (124) |
| 11 | наплатата на фактура | 1 | 2 | 3 | 4 | (125) |
| 12 | кредитот за обртни средства | 1 | 2 | 3 | 4 | (126) |

13 Причините што влијаеле врз позначителното зголемување или намалување на производството на вработените работници и сл. – да се наведат:

____________________

____________________

____________________

____________________

____________________

За секој проблем означен со „критично" во табелата 5 задолжително да се приложи текстуално објаснение, по можност со циф. документација.

____________________ Датум

Потпис на лицето што го пополнило образецот ____________________

Потпис на лицето што одговара за точноста на податоците ____________________

(М.П.)

Потпис на раководителот на организацијата за која се поднесува извештај ____________________

СОЈУЗЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Инд-21

Одлука на Собранието на СФРЈ
АС бр. 660
„Службен лист на СФРЈ", бр. 76/85

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ИНДУСТРИЈАТА ЗА 1986 ГОДИНА

1. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА ЗА КОЈА СЕ ПОДНЕСУВА ИЗВЕШТАЈ
(ОРГАНИЗАЦИЈА - ЗАЕДНИЦА, ЕДИНИЦА ВО СОСТАВ)

а) Назив (фирма) .................... | 0 | 7 | 0 | 4 | (4)

........................................

(единицата во состав го запишува полниот назив на организацијата – заедницата во чиј е состав и својот назив)

б) Матичен број на единствениот регистар .................... (11)

Реден број на единицата во нејзиникот состав .................... (14)

в) Вид на организација – форма на здружување .................... (16)

.................... (18)

г) Општина .................... Место .................... (22)

Улица и куќен број .................... Телефон ....................

д) Дејност (подгрупа) .................... (28)

| 8 | 6 | (30) Година .................... (34) Р.Б.У.

Таб. 1 – РАБОТНИЦИ И ЧАСОВИ НА РАБОТА ВО 1986

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вкупно работници – годишен просек (2+3+4) | | 0 1 | (21) |
| 2. | Работници во индустријата и рударството | работници во производството | | (26) |
| 3. | | работници на раководни, стручни, општи и сродни работи | | (31) |
| 4. | Работници во неиндустриски дејности | | | (36) |
| 5. | Часови на ефективна работа на работниците во индустријата и рударството во илјади | вкупно (се однесува на алинеите 2 и 3) | | (41) |
| 6. | | во производството (се однесува на алинејата 2) | | (46) |

Таб. 2 – РАСПОРЕД НА РАБОТНИЦИТЕ СПОРЕД СМЕНИ
на ден .................... 1986.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Укупно радника[1] (2+3+4+5) | | 0 2 | (21) |
| 2. | Радници на пословима односно радним задацима на којима се радило | у једној смени | | (26) |
| 3. | | у две смене | | (31) |
| 4. | | у три смене | | (36) |
| 5. | Радници који су изабраног дана имали слободан дан | | | (41) |

1) Без работниците на раководни, стручни, општи и сродни работи

Таб. 3 – МОЌНОСТ НА ПОГОНСКИТЕ МАШИНИ И МОТОРИ СПОРЕД КОРИСТЕЊЕТО ВО СМЕНИ НА ДЕН[1] ....... 1986.

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Укупна снага погон. маш. и мот. у kW (2+3+4+5) | | (47) |
| 2 | Користена за работа во една смена | | (53) |
| 3 | Користена за работа во две смени | | (59) |
| 4 | Користена за работа во три смени | | (65) |
| 5 | Није кориш. (ван употребе изабраног дана) | | (71) |

1) Се прикажува моќноста на примарните двигатели кои не задвижуваат генератори и на електромоторите (став 5, ред. 1 и 2 колона д).

Таб. 4 – АГРЕГАТИ ВО ЕЛЕКТРАНИТЕ

| | | | Примарни двигатели кои задвижуваат генератори | | Генератори | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | ком. | kW | ком. | kVA | |
| 1 | Стање 1.I 1986. год. | 0 3 | | | | | (34) |
| 2 | Пуштено у погон у току 1986. године | | | | | | (52) |
| 3 | Избачено из употребе у току 1986. године | | | | | | (70) |
| 4 | Стање 31. XII 1986. год. | 0 4 | | | | | (34) |
| 5 | Од тоа: | хидроелектрани | | | | | (52) |
| 6 | | термоелектрани | | | | | (70) |

Таб. 5 – ПОГОНСКИ МАШИНИ, МОТОРИ И УРЕДИ[1]
состојба на 31.XII 1986 година

| | | | Парчиња | Моќност во kW | |
|---|---|---|---|---|---|
| а | б | | ц | д | |
| 1 | Прим. покретачи који не покрећу генерат. | 0 5 | | | (27) |
| 2 | Електромотори | | | | (38) |
| 3 | Електропећи и тер. апарати | | | | (49) |
| 4 | Уред за електролиза и галванизација | | | | (60) |
| 5 | Разладни уреди | | | | (71) |

1) Освен агрегатите во електраните и моторите на камиони, автомобили, трактори и бродови.

Т. 6. 6 – МОЖНО И ОСТВАРЕНО ПРОИЗВОДСТВО, РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ И ЗАЛИХИ ВО 1986 ГОДИНА

0 6

| Производи според номен објавена во „Сл. лист на СФРЈ", бр. 66/86 | | | | Производство | | | Количини потрошени за натамошно производство | Количини на залихи на 31 XII 1986 год. | Продажба (реализација) на производи | | Просеч. цена во динар. к : ј x 1000 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Шифра на производот | назив на производот | шифра на услугата (27) | единица на мера (28) | Максимално можно 1) во рамките на техничко-технолошкото можно време е за работа на капацитетот (36) | Максимално можно 1) во рамките на проектираното можно време за работа на капацитетот (44) | остварена (52) | (59) | (66) | количина (74) | Вредност во илј. дин. (84) | |
| а | б | ц | д | е | ф | г | х | и | ј | к | л |
| | | | | | | | | | | | |
| 0 0 0 0 0 0 0 0 0 1 | Вред. на инд. произ. неслом. во номен. | 0 | илј. дин. 1 | x x x x x x x x | x x x x x x x x | | x x x x x x x | | x x x x x x x x | | x x x |
| 0 0 0 0 0 0 0 0 0 2 | Вред. на услуг. на инд. пог. неслом. во номен. | 0 | илј. дин. 1 | x x x x x x x x | x x x x x x x x | x x x x x x x x | x x x x x x x | x x x x x x x | x x x x x x x x | | x x x |
| 0 0 0 0 0 0 0 0 0 3 | Вода од сопст. водов | 0 | илј. m³ 1 | x x x x x x x x | x x x x x x x x | | | x x x x x x x | | | x x x |
| 0 0 0 0 0 0 0 0 0 4 | Вкупна реализ. (збир на кол. „и") | 0 | илј. дин. 1 | x x x x x x x x | x x x x x x x x | x x x x x x x x | x x x x x x x | x x x x x x x | x x x x x x x x | | x x x |

1) Максимално можното производство го утврдуваат стручњаците што се занимаваат со планирање на капацитетите и производството на ОЗТ, а според Упатството за пополнување на овој извештај.

Податоците се запишуваат без децимали.
Во еден правоаголник се запишува само една цифра.
Цифрите се запишуваат така што последната цифра од секој податок да дојде во последниот правоаголник во колоната.

Таб. 7 – ПОТРОШОК НА ЕЛЕКТРОЕНЕРГИЈА ПО ТЕХНОЛОШКА НАМЕНА¹) во 1986 година

| | | Количини во Mwh | |
|---|---|---|---|
| 1 | ВКУПНО (сопствена и набавена) 0 7 (23) | 0 7 | (23) |
| 2 | За електромотори (30) | | (30) |
| 3 | За електропечки и термички апарати (37) | | (37) |
| 4 | За уреди за електролиза и галванизија (44) | | (44) |
| 5 | За разладни уреди и други цели (51) | | (51) |
| 6 | Вред на потрош елек енерг во илјади дин по фактур сметки | | (58) |

¹) Потрошокот на енергијата да се распореди според таб. 5

Таб. 8 – ИЗВОЗ И УВОЗ ВО 1986 ГОДИНА

во илј динари

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Вредност на извезените стоки¹) | вкупно | 0 8 | (25) |
| 2 | | од тоа на конверт подрачје | | (34) |
| 3 | Вред на потр матер и суров од увозно потекло²) | вкупно | | (43) |
| 4 | | од тоа од конверт подрачје | | (52) |

1) Не се внесува вредноста на извозот на земјоделски производи (сончоглед, пченка и др.)
2) Се вклучуваат и деловите од кооперацијата со странски партнери.

Таб. 9 – ПРОМЕНИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВО ВО 1986 ГОДИНА

| | | | | Број на производи | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Нови производи воведени во производството во 1986 година | Вкупно во организацијата | | | (56) |
| 2 | | договор со домашно лице | целата земја | | (60) |
| 3 | | | СР – САП | | (64) |
| 4 | Производи чија изработка во 1986 година е напуштена (68) | | | | (68) |

Таб.10 – ИНОВАЦИСКА ДЕЈНОСТ И ТРАНСФЕР НА ТЕХНОЛОГИЈА ВО 1986 ГОДИНА

| | | | Видови иновации | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Пронајдоци-/патенти | Технички унапредувања | Корисни предлози | Модели | Мостри | |
| а | б | | в | г | д | ѓ | е | |
| 1. | Број на пријавени иновации 13 | 1 3 | x x x | x x x | x x x | x x x | x x x | (31) |
| 2. | Број на признати права | | x x x | x x x | x x x | x x x | x x x | (46) |
| 3. | Примена на иновации | Бр на инов за кои се исплат надом или награди | x x x | x x x | x x x | x x x | x x x | (61) |
| 4. | | Бр на работ на кои им се исплат надом или награда | x x x | x x x | x x x | x x x | x x x | (76) |
| 5. | Дел на доход што е резулт од примената на сопств. инов. во илј дин | 1 4 | | | | | | (46) |
| 6. | Исплат надом и нагр на автори во илјади дин | | | | | | | (76) |
| 7. | Влож. сред. во развој-истраж. работа за инов на произ во 1985 во илј дин | | во сопствена организација | | | | | (84) |
| 8. | | | преку други форми (договори, самоуправни спогодби и сл.) | | | | | (92) |
| 9. | Дали организацијата за која се поднесува извештај има самоуправен општ акт со кој се регулираат меѓусебните односи на работниците по основ на иновации | | | | | | да 1 / не 2 | (93) |
| 10. | Дали организацијата за која се поднесува извештај има служба специјализирана за иновации | | | | | | да 1 / не 2 | (94) |

| | | | | Број на склучени самоуправни спогодби односно договори | Самоуправните спогодби односно договорите се однесуваат на. | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Патенти | Жигови | Модели | Мостри | know how | Производно-техничка документација | |
| а | б | | | в | г | д | ѓ | е | ж | з | |
| 11. | Прибавена технологија врз основа на | Самоуп спогодба за здруж на труд и сред | 1 5 | | | | | | | | (30) |
| 12. | | договор со домашно лице | | | | | | | | | (44) |
| 13. | | дог со стран лице (лицен или сл дог) | | | | | | | | | (58) |
| 14. | Отстапена технологија врз основа на | самоуправна спогодба за здружување на труд и средства | | | | | | | | | (72) |
| 15. | | договор со домашно лице | | | | | | | | | (86) |
| 16. | | дог со стран лице (лицен или сл дог) | | | | | | | | | (100) |

| 1 | 9 | (16) |
|---|---|---|

Таб. 12 – НОВИ ИНДУСТРИСКИ ОБЈЕКТИ ВО 1986 ГОДИНА

1. Колку траела изградбата на новиот објект (во месеци) од времето на почетокот на градбата или почетокот на монтажата, ако е во прашање само опрема ........ (19)

2. Месец и година на пуштање во пробен погон ........ (23)

3. Месец и година кога почна прикажувањето на резултатите од работата на новиот погон во месечниот извештај (Инд-1)........ (27)

4. Основни средства на новиот објект на денот на пуштањето во работа

| | Вкупно | Градежни објекти | Орудија за работа | | Други основни средства | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Домашни | Увозни | | |
| Вредност во илјади дин.[1] | | | | | | (77) |

1) Податоците треба да се дадат според книговодствената состојба на крајот на 1986 година.

5. Работници

| | Состојба | | |
|---|---|---|---|
| | на денот на пуштањето во редовен погон | кон крајот на 1986 | |
| Број на работници во новиот погон[2] | | | (75) |

2) Во бројот на вработени се внесуваат само податоци за работниците што работат во новиот погон или на новиот објект (лента, висока печка итн.). Нема да се прикажува, ни според процената, бројот на вработените од другите служби на ОЗТ, кој морал да биде зголемен поради изградбата на нов погон (механички работилници, администрации на ОЗТ, екипи на транспортни работници итн.). Се прикажуваат само работниците директно врзани за новиот погон или објект.

6. Производство на новиот погон[3]

| | Производи според номенклатурата објавена во „Службен лист на СФРЈ", бр. 66/86) | | | Произведени количини во 1986 година (34) |
|---|---|---|---|---|
| | Шифра (26) | Назив на производот | Прва единица на мера | |
| 2 0 | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | | |

3) Во горната табела ќе се прикаже производството на новиот објект, според номенклатурата што се користи за составување на месечниот извештај (Инд-1) и на годишниот извештај (Инд-21). Доколку работата на новиот објект не може да се прикаже врз база на спомenatата номенклатура (затоа што, на пример, новиот објект претставува само дел од поширок, поврзан процес чиј заеднички резултат е производ од номенклатурата или затоа што прикажувањето на тој производ не е предвидено со номенклатурата) во горната табела нема да се внесуваат никакви податоци.

Читливо напишано име на лицето што одговара за точноста на податоците

Датум

1987

Директор

Телефон ____________

(М.П.)

Таб. 11 – КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТОТ НА ИНДУСТРИСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

(кај прашањата 1,2,4,5,6,7,8,9,10,11,12 и 13 да се заокружат точните одговори) | 1 | 2 | (16)

1. Дали во ОЗТ се врши контрола на квалитетот на производите — да 1, не 2 (17)
2. Дали контролата на квалитетот на производите ја врши:
   а) една централизирана служба за целата ОЗТ — 1
   б) повеќе децентрализирани служби на иста ОЗТ — 2
   в) работници контролори на иста ОЗТ — 3 (18)
   г) други ООЗТ на иста работна организација — 4
   д) контролата ја вршат други работни организации — 5
3. Број на работници на контрола на квалитетот на производите според школската подготовка:
   а) вкупен број на работници (21)
   б) со висока школска подготовка (24)
   в) со виша школска подготовка (27)
   г) со средна школска подготовка (30)
   д) висококвалификувани работници (33)
   ѓ) квалификувани работници (36)
   е) со друга школска подготовка (39)
4. На кој начин се проверува квалитетот на производите:
   а) статистичка контрола (мостра) — да 1, не 2 (40)
   б) автоконтрола — да 1, не 2 (41)
   в) 100% контрола — да 1, не 2 (42)
   г) други начини на контрола — да 1, не 2 (43)
5. Основи за работа на контролата на квалитетот на производите
   а) интерни прописи на ОЗТ — да 1, не 2 (44)
   б) контролна технологија — да 1, не 2 (45)
   в) работилничка документација — да 1, не 2 (46)
   г) лично искуство на контролорот односно работникот — да 1, не 2 (47)
6. Дали прашањето за квалитетот е регулирано во нормативните акти:
   а) самоуправната спогодба за здружување на трудот на работниците — да 1, не 2 (48)
   б) Статутот на ОЗТ — да 1, не 2 (49)
   в) Правилникот за стекнување и распределба на доходот — да 1, не 2 (50)
7. Дали во ОЗТ постои посебен пропис (спогодба, правилник и сл.) за обезбедување на квалитетот на производите — да 1, не 2 (51)
8. Дали во ОЗТ се работат периодични извештаи за квалитетот — да 1, не 2 (52)
9. На кои форуми се разгледуваат извештаите за квалитетот:
   а) на деловните органи — да 1, не 2 (53)
   б) на работничкиот совет — да 1, не 2 (54)
   в) на колегиумот — да 1, не 2 (55)
   г) на собирите на работните луѓе — да 1, не 2 (56)
10. Дали прашањето за квалитетот е опфатено со планските документи:
   а) на среднорочниот план на развојот — да 1, не 2 (57)
   б) на годишните планови за работење — да 1, не 2 (58)
11. Дали постои планирање на корективни мерки за квалитетот — да 1, не 2 (59)
12. Организација на стандардизацијата во ОЗТ:
   а) дали постои организирана дејност на стандардизацијата во ОЗТ — да 1, не 2 (60)
   б) дали е организирана посебна служба за стандардизацијата — да 1, не 2 (61)
   в) дали дејноста на стандардизацијата е во состав на друга служба — да 1, не 2 (62)
13. Дали стнадардизацијата во ОЗТ е регулирана со посебен акт (самоуправна спогодба, правилник) — да 1, не 2 (63)

Таб. 13 – КООПЕРАЦИЈА ВО 1986 ГОДИНА

| | | | Број на кооперанти | Вредност во илјади динари | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Испорака на полупроизводи и делови според договорот за кооперација | на кооперанти во земјата 1 8 | | | (29) |
| 2 | | на кооперанти во странство | | | (42) |
| 3 | Прием на полупроизводи и делови според договорот за кооперација | од кооперанти во земјата | | | (55) |
| 4 | | од кооперанти во странство | | | (68) |

Податоци за кооперацијата, било да се работи за испорака или прием на производи, треба да прикажат само оние организации на здружен труд што имаат пишан договор за кооперација со кој се регулираат односите на соработката со своите партнери како во земјата така и во странство.

Таб. 14 – ФЛУКТУАЦИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ СПОРЕД СТЕПЕНОТ НА СТРУЧНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО 1986 ГОД.

